*НАЦРТ*

## **1. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МНК ИКОМОС ВО 2009 ГОДИНА**

## **2. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА МНК ИКОМОС ВО 2009 ГОДИНА**

## СОДРЖИНА


| *р.б.* | *Опис на активноста* | *страна* |
|---|---|---|
| **1** | **ОДОБРЕНА ПРОГРАМА (ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА) ЗА РАБОТА НА МНК ИКОМОС ВО 2009 ГОДИНА ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА** | **5** |
| **2** | **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА**<br>**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО**<br>ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ КОМИТЕТ | **8** |
| | **2.1.1** – Собрание | **8** |
| | **2.1.2** – Извршен одбор | **8** |
| | **2.1.3** – Надзорен одбор | **8** |
| | **2.1.4** – Програмски | **8** |
| | **2.1.5** – ИКОМОС Форум | **8** |
| | **2.1.6** – Комисии и поткомитети | **7** |
| | **2.1.7** – Редакција | **8** |
| | **2.1.8** – Секретаријат | **8** |
| | **2.1.9** - Јавно обраќање/конференции за печат и електронски медиум | **9** |
| | **2.1.10** – Членство | **9** |
| **2.2** | **ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ**<br>ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ | **9** |
| | **2.2.1**<br>Подготовка на Каталог од значајни археолошки артефакти по повод 15 години од формирањето на Македонскиот национален комитет на ИКОМОС (тираж 1000) | **9** |
| **2.3** | **ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО**<br>НА НАЦИОНАЛНО НИВО | **10** |
| | **2.3.1**<br>Организирање на ИКОМОС Форум по повод 18 април Меѓународниот ден на споменици и локалитети, прогласен од УНЕСКО и ICOMOS International на тема: Науката и културното наследство; | **10** |
| | **ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО**<br>НА МЕЃУНАРОДНО НИВО | **10** |
| | **2.3.2**<br>Учество на редовни годишни седници на Бирото, Советодавниот и Извршниот комитет на ICOMOS International | **10** |
| | **2.3.3**<br>Билатерална и регионална соработка со националните комитети на ICOMOS International | **10** |
| | **2.3.4**<br>Учество на три делегати на редовните седници на меѓународните научни комитети на ICOMOS International | **10** |
| **2.5** | **ВОН-ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ** | **11** |
| | **2.5.1**<br>Прослава на јубилејот 15 години од формирањето на МНК ИКОМОС (23 февруари 1994 година во Скопје) | **11** |
| | **2.5.2**<br>Подготовка на Апликација за организирање на редовниот годишен состанок на Советодавниот, Извршниот комитет и Бирото на ICOMOS International за 2010 год. во Охрид, Македонија. | **11** |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **3** | **<u>ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА МНК ИКОМОС ВО 2009 ГОДИНА</u>** | **12** |

**<u>Забелешка:</u>** Завршниот Извештај за работата на Комитетот во 2009 година (кој треба да биде усвоен од страна на Собранието на Комитетот, во текот на февруари 2010 год.) ќе биде дополнет и со други детални информации за извршените активности на Комитетот во 2009 год., по сугестии и предлози усвоени од Собранието на МНК ИКОМОС.

# 1. ОДОБРЕНА ПРОГРАМА (ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА) ЗА РАБОТА НА МНК ИКОМОС ВО 2009 ГОД. ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

***/ДЕЈНОСТ: ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО/***

### 1.1 - ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ НА МНК ИКОМОС

| Ред. Бр. | Опис на активноста | Барани средства | Одобрени средства |
|---|---|---|---|
| 1.1.1 | Организација и одржување на седниците на Собранието, Извршниот Одбор, Програмскиот колегиум и на поткомитетите | 320.000 | 100.000 |
| | **Вкупно:** | **320.000** | **100.000** |

### 1.2 - ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

| Ред.бр. | Опис на активноста | Барани средства | Одобрени средства |
|---|---|---|---|
| 1.2.1 | Годишна котизација во ICOMOS International (членарина) | 156.210 | 156.210 |
| | **Вкупно:** | **156.210** | **156.210** |

***/ДЕЈНОСТ: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА/***

### 1.3 - ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

| Ред.бр. | Опис на активноста | Барани средства | Одобрени средства |
|---|---|---|---|
| 1.3.1 | Организирање на ИКОМОС Форум по повод Меѓународниот ден на споменици и локалитети, прогласен од UNESCO и ICOMOS International на тема: Науката и културното наследство; | 75.000 | 75.000 |
| | **Вкупно:** | **75.000** | **75.000** |

### 1.4 - ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

| Ред.бр. | Опис на активноста | Барани средства | Одобрени средства |
|---|---|---|---|
| 1.4.1 | Учество на редовните годишни седници на Бирото, Советодавниот и Извршниот комитет на ICOMOS International | 463.710 | 180.000 |
| 1.4.2 | Регионална и билатерална соработка со националните комитети на ICOMOS International | 150.000 | 100.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.4.3 | Учество на делегати (Претседатели на поткомитети) на редовните седници на Научните комитети на ICOMOS International | 150.000 | 150.000 |
| | **Вкупно** | **763.710** | **430.000** |

# РЕКАПИТУЛАЦИЈА

| **Ред.бр.** | **Опис на активноста** | **Барани средства** | **Одобрени средства** |
|---|---|---|---|
| 1.1 | ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ НА КОМИТЕТОТ<br>**(Дејност: Заштита на културно наследство)** | 320.000 | 100.000 |
| 1.2 | ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ<br>**(Дејност: Заштита на културно наследство)** | 156.210 | 156.210 |
| 1.3 | ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО<br>**(Дејност: Меѓународна соработка)** | 75.000 | 75.000 |
| 1.4 | ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО<br>**(Дејност: Меѓународна соработка)** | 763.710 | 430.000 |
| | **ВКУПНО:** | **1.314.920** | **761.210** |

**Напомена:**

Вкупните побарување од Министерството за култура за предложената Програма за работа во 2009 година изнесуваа: **2.274.920,00** денари. За одобрената програма беа побарани средства во износ од **1.314.920,00** денари, а беа одобрени средства во износ од **761.210,00** денари.

По повод одбележувањето на јубилејот 15 години МНК ИКОМОС од Министерството за култура/дејност – меѓународна соработка, беа побарани и одобрени дополнителни **60.000,00** денари.

| **Ред.бр.** | **Опис на активноста** | **Барани средства** | **Одобрени средства** |
|---|---|---|---|
| 1.3.2 | Подготовка на Каталог од значајни археолошки артефакти по повод 15 години од формирањето на Македонскиот национален комитет на ИКОМОС (тираж 1000), *дополнително барани средства од Министерството за култура*; | 60.000 | 60.000 |
| | **ВКУПНО:** | **60.000** | **60.000** |

Така, побараните средства на крајот од извештајната година за одобрената програма изнесуваа **1.374.920,00** денари, а вкупно одобрените средства беа во износ од **821.210,00** денари.

## 2. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МНК ИКОМОС ВО 2009 ГОДИНА

### Вовед

Во текот на 2009 година, Македонскиот национален комитет на ИКОМОС (во понатамошниот текст: Комитетот), ги реализираше своите програмски и вон програмски активности согласно финансиските можности.

Во извештајната година беше одржано 19-то Годишно собрание на Комитетот (27 февруари 2009 година), на кое беа разгледани и усвоени Извештајот на Комитетот за работата и материјално финансиското работење на Комитетот во 2008 година.

И оваа година, согласно Решението на Владата на Република Македонија, Комитетот своите активности ги обавуваше во просториите на ул."Покриена Чаршија' бр. 37Б, локал 13, во старата скопска чаршија, со симболичен надоместок за користење на просториите (со Решението на Владата на РМ и Министерството за култура, истиот простор да биде доделен на користење за работењето на Македонскиот национален комитет на ИКОМОС). Просториите беа отворени за користење и на МНК ИКОМ, МНК на Синиот Штит и МАНД (Македонското научно археолошко друштво).

Како позначајни активности на Комитетот во изминатата година ги издвојуваме:

- Прослава на 18 април – Меѓународниот ден на споменици и локалитети (прогласен од УНЕСКО а на иницијатива на ICOMOS International) со посета на најзначајното културно и природно наследство во Струмица и струмичко ;
- Одржување на ИКОМОС Форум во Струмица на тема: Науката и културното наследство, и ИКОМОС Форум во Скопје со излагања на специјализанти од Школата "Шајо", членови на МНК ИКОМОС;
- Контакти со Националните комитет на ИКОМОС на Хрватска, Словенија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Малта и Италија;
- Соработка со Македонските националните комитети на ИКОМ и Синиот Штит преку одржување на заеднички форуми;
- Прослава на јубилејот – 15 години од основањето на МНК ИКОМОС на 23 февруари 1994 година во Скопје;

Во 2009 година беше потпишан Меморандум за соработка со Центарот за управување со кризи со цел по адекватно и заедничко дејствување во заштитата на културното наследство за време на елементарни непогоди.

Во текот на извештајниот период во Комитетот членуваа 236 индивидуални членови, со што Комитетот, според извештајот на ICOMOS International од последната седница на Советодавниот и Извршниот комитет, одржана во Ла Валета, Малта, се наоѓа на **5** место според бројот на членовите во однос на бројот жителите во земјата, и на **10** место според вкупниот број на членови, од 113-те национални комитети ширум светот.

Активноста на поткомитетите како директни учесници и извршители во заштитата и презентацијата на културно наследство и сензибилизација на јавноста не ги покажа очекуваните резултати. Но, и понатаму, презентација на културното наследство, јавните форуми и работилници и трансфер на знаењето ќе биде основниот белег на работењето и активностите на Комитетот.

Една од поважните зацртани активности што се обидуваме да ја реализираме е отвореноста за соработка со единиците на локална самоуправа во доменот на заштитата, конзервацијата и рехабилитацијата на културното наследство во согласност со тековната децентрализација.

На меѓународен план, продолжуваат интензивните контакти со Националните комитети од регионот со разгледување на можноста за формирање на суб-регионален комитет на ICOMOS International.

Во текот на месец септември 2009 година, ICOMOS International формира АКАДЕМИЈА од истакнати експерти-членови на ICOMOS од целиот свет. Меѓу првите 34 члена на оваа АКАДЕМИЈА, со траен мандат, е и д-р Лазар Шуманов, секретар на нашиот Комитет. Тоа претставува голема чест и признание, не само за колегата Шуманов туку и за Македонскиот национален комитет за досегашната негова работа на национално и меѓународно ниво.

Согласно финансиските можности МНК ИКОМОС ја поддржа посетата на еден свој член на меѓународниот курс за *"Архитектонско снимање, инвентаризација и информатички менаџмент"* што се одржа во ICCROM, Рим – Италија (Горан Патчев).

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

***/ДЕЈНОСТ: ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО/***

## <u>2.1 - ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ НА МНК ИКОМОС</u>

| Активност | Опис на активноста |
|---|---|
| **2.1.1**<br>Собрание | Одржана е 19-та седница на Собранието (27.02.2009 година) кога беа разгледани и усвоени Извештаите за работа и материјално-финансиското работење на МНК ИКОМОС во 2008 год. |
| **2.1.2**<br>Извршен одбор | Одржани се 6 седници на Извршниот одбор:<br>- 56-та на 15.01.2009 год.<br>- 57-та на 20.02.2009 год.<br>- 58-та на 28.05.2009 год.<br>- 59-та на 29.06.2009 год.<br>- 60-та на 29.09.2009 год.<br>- 61-та на 07.12.2009 год. |
| **2.1.3**<br>Надзорен одбор | Одржана е една седница (10-та, на 20.02.2009 год.), на која е разгледан Извештајот за материјално-финасиското работење на Комитетот во 2008 год. |
| **2.1.4**<br>Програмски | Одржани се три седници на програмскиот колегиум:<br>- 18-та на 16.02.2009 год.<br>- 19-та на 16.03.2009 год.<br>- 20-та на 24.06.2009 год. |
| **2.1.5**<br>ИКОМОС Форум | Како продолжение на 19-та седница на Собранието беше одржан ИКОМОС Форум (27.02.2009 година), на кој беа презентирани трудови од од три генерации специјализанти (2000 – 2006 година) на училиштето „Шајо„ – Франција, регионална единица во Софија-Бугарија, членови на МНК ИКОМОС:<br>- Мирка Илоска<br>- Ѓурѓица Лековска<br>- Билјана Пачкова Куфојанакис |
| **2.1.6**<br>Комисии и поткомитети | Поткомитетите не покажаа никаква активност и не беше одржана ниту една седница |
| **2.1.7**<br>Редакција | Одржана е 1 седница на Редакцијата (5-та на 13.02.2009 година). |

| | |
|---|---|
| **2.1.8**<br>Секретаријат | Во текот на извештајниот период извршени се сите предвидени тековни работи:<br>- Организација на состаноци на работни тела;<br>- Одговарање на сите пристигнати барања и писма од земјата и странство;<br>- Соработка со институции и поединци;<br>- Припрема на Програми и Извештаи за работа;<br>- Материјално-финансиско работење преку договор со Книговодствена агенција: „Боок Кипер” Скопје; |
| **2.1.9**<br>Јавно обраќање/конференции за печат и електронски медиум | Беа одржани 2 конференции за печатот и електронските медиуми<br><br>- Април 2009 (по повод прослава на 18-ти април 2009);<br>- Декември 2009 (по повод прослава на Јубилејот 15 години од формирање на МНК ИКОМОС 1994-2009); |
| **2.1.10**<br>Членство | Во текот на 2009 година во Комитетот членуваа 236 индивидуални членови. |
| ***Забелешка:*** *Записниците и Одлуките од сите одржани седници на телата на МНК ИКОМОС се достапни во секретаријатот на Комитетот.* | |

## 2.2 - ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

| | |
|---|---|
| **2.2.1**<br>Подготовка на Каталог од значајни археолошки артефакти по повод 15 години од формирањето на Македонскиот национален комитет на ИКОМОС (тираж 1000) | Завршена е целокупната подготовка за изработка на Каталог од значајни археолошки артефакти по повод 15 години од формирањето на Македонскиот национален комитет на ИКОМОС (тираж 1000).<br><br>Промоцијата на Каталогот ќе се одржи на Годишното Собранието на Комитетот на 26 февруари 2010 година. |
| **2.2.2**<br>Годишна котизација во ICOMOS (членарина) | Уплатена е членарината (котизацијата) на сметката на ICOMOS International во Париз. |

## /ДЕЈНОСТ: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА/

## 2.3 - ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

| | |
|---|---|
| **2.3.1**<br>Организирање на трибина по повод Светскиот ден на културното наследство, 18 Април, на тема: Науката и културното наследство; | На 24 и 25 април во Струмица одржана е прославата на 18 април – Меѓународниот ден на споменици и локалитети, со организирање на трибина и студиско патување/посета на културното и природното наследство на Струмица и струмичко.<br>Презентери со свои трудови:<br>- Д-р Вероника Шендова и д-р Предраг Гавриловиќ;<br>- Горан Патчев;<br>- М-р Лидија Чуковска;<br>- Никола Упевче;<br>- М-р Зоран Павлов |

| | |
|---|---|
| | Промовирана е веб страната на МНК ИКОМОС |
| | Отпечато ЦД со излагањата презентирани на ИКОМОС форумите по повод 18 април одржани во 2006, 2007 и 2008 година. |

## 2.4 - ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

| | |
|---|---|
| **2.4.1**<br>Учество на редовните годишни седници на Бирото, Советодавниот и Извршниот комитет на ICOMOS | Од 4-11 октомври 2009 год. претседателот на Комитетот м-р Зоран Павлов, учествуваше на редовната годишна седница на Советодавниот, Извршниот комитет и Бирото на ICOMOS Интернатионал, што се одржа во Ла Валета, Малта. |
| **2.4.2**<br>Регионална и билатерална соработка со националните комитети на ICOMOS | Воспоставена е билатерална соработка со националните комитети на ИКОМОС на Хрватска, Словенија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Малта и Италија; |
| **2.4.3**<br>Учество на делегати (Претседатели на поткомитети) на редовните седници на Научните комитети на ICOMOS | Учество на два делегати во Кожани, Република Грција на семинар организиран од страна на Техничката комора на Грција (февруари 2009 година);<br>- М-р Зоран Павлов<br>- Д-р Вероника Шендова |

## 2.5 - ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Во извештајниот период беа релизирани и активности кои не беа предвидени со годишната програма:

| | |
|---|---|
| **2.5.1**<br>Прослава на јубилејот 15 години од формирањето на МНК ИКОМОС (23 февруари 1994 година во Скопје) | На 18 декември 2009 година во Мултумедијалниот центар “Мала стница” во Скопје беше одржана прослава на јубилејот 15 години од основањето на МНК ИКОМОС 1994-2009 година.<br><br>По повод јубилејот, на прославата беше издадена јубилејна значка и беа доделени плакети на поединци и институции за посебни залагања во унапредувањето на активностите на МНК ИКОМОС:<br><br>- д-р Лазар Шуманов<br>- Министерство за култура<br>- д-р Коста Балабанов<br>- д-р Живојин Винчиќ<br>- Јован Ристов<br>- Милан Ивановски, постхумно<br>- Јован Ананиев, постхумно |

| | |
|---|---|
| **2.5.2**<br>Подготовка на Апликација за организирање на редовниот годишен состанок на Советодавниот, Извршниот комитет и Бирото на ICOMOS Интернатионал за 2010 год. во Охрид, Македонија. | Изготвена е апликација (со финансиска конструкција) со која МНК ИКОМОС се номира за домаќин на годишната седница на Советодавниот, Извршниот комитет и Бирото на ICOMOS International (октомври 2010 година во Охрид) (м-р Зоран Павлов, д-р Лазар Шуманов и Агенција „Македонија Травел„ – Скопје).<br>Номинацијата беше презентирана на годишната седница која се одржа во Ла Валета, Малта (м-р Зоран Павлов), и по гласањето од страна на присутните претседатели/преставници на Националните комитети, за место на одржување на годишната седница на Советодавниот, Извршниот комитет и Бирото на ICOMOS International во 2010 година беше избран Даблин, Република Ирска (26-31.10.2010 година) |
| | На 31.03.2009 година во просториите на Музејот на Македонија свечено беше предадена плакетата на г-дин Трифун Костовски за значеан допринос и финансиска поддршка на МНК ИКОМОС во изминатиот период и прв патрон на МНК ИКОМОС. |

За успешна реализација на дел од активностите особена заслуга имаат фирмата **„Аверс„** – Скопје, која беше спонзор на плакетата доделена на г-дин Трифун Костовски, плакетите доделени на прославата 15 години од формирањето на МНК ИКОМОС и јубилејната значка, **„Лозар Пелистерка АД Скопје„** која додели дел од своите производи за јубилејот 15 години МНК ИКОМОС, како и **VERTIGO NME** за креирањето на веб страната на нашиот Комитет.

Известува:

Претседател,
м-р Зоран Павлов с.р.

во соработка со:

д-р Лазар Шуманов с.р.
Секретар

Скопје
февруари 2010